***Национална програма за усвојување на правото на ЕУ - НППА***

НППА претставува целосен план на активностите поврзани со усогласување на законодавството кои државата треба да ги исполни со цел да се квалификува како членка на ЕУ. Со оваа програма се добива јасна слика за спроведување на потребните политики, реформи и мерки. Воедно се дава пресек на постоечкиот статус, институции, механизми и планирани активности во процесот на приближување на законодавството. Освен поврзаноста на правните прописи со законодавството на ЕУ, во програмата постои и јасна слика за поврзаноста на предложените национални закони и соодветните подзаконски акти.

Во рамките на оваа програма Министерството за труд и социјална политика врши хармонизирање на националното законодавство со мерките на ЕУ во две поглавја од скреенинг структурата (која има вкупно 35 поглавја), а тоа е:

Поглавје 02- Слободно движење на луѓе и
Поглавје 19-Социјална политика и вработување

Попрецизно, усогласувањето на националното со европското законодавство во рамките на МТСП се врши во доменот на трудот и вработувањето, социјална инклузија, социјалната заштита, социјалното осигурување, социјалниот дијалог, безбедност и здравје при работа, антидискриминацијата и еднаков третман на мажи и жени . Во овие две поглавја има вкупно 180 ЕУ мерки кои треба да се инкорпорираат преку соодветни законски и подзаконски акти. Тоа предизвикува измена на регулативата од работното законодавство, социјалното осигурување (Закон за пензиско-инвалидско осигурување, Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, Закон за социјална заштита), безбедност и здравје при работа, социјалниот дијалог, еднаков третман на мажи и жени.

Со спроведувањето на процесот на усогласување на законодавството во наведените сфери се обезбедува воведување на стандарди во овие области, кои ќе се однесуваат за сите граѓани на Р. Македонија.

Овој процес на усогласување на националното законодавство со ЕУ мерките е отворен и долгорочен процес и истиот се очекува да биде целосно реализиран, заклучно со 2010 година. Сепак, најголемиот број на ЕУ мерките ќе бидат инкорпорирани во законодавството до крајот на 2008 година, меѓутоа предложена е динамика за конечно реализирање на овој процес до крајот на 2010 година.

За таа цел во процесот на хармонизирање е вклучено МТСП и институциите инволвирани во донесувањето на законодавството од сферата на социјалната политика и слободното движење на луѓе (Министерство за образование и наука, Министерство за правда, Министерство за здравство, Министерство за внатрешни работи, Агенција за вработување на РМ, Фондот на ПИОМ и др.). Постојана и директна

соработка се спроведува со Секретаријатот за европски прашања или Владата на РМ околу реализирањето на вкупниот процес на хармонизација.

За квалитетно и целосно реализирање на активностите во рамките на оваа програма формирани се работни групи со претставници од надлежните органи и институции, а предводени од Секретаријатот за европски прашања, преку кои континуирано се следат и координираат активностите во процесот на хармонизацијата на законодавството.

Во однос на обврската за хармонизација на националното законодавство со мерките на ЕУ, Секторот за европска интеграција информира дека е завршена подготовката на ажурираниот текст на изготвената Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија во рамките на двете поглавја во надлежност на Министерството за труд и социјална политика.

Во функција на реализација на превземените обврски од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ изготвен е Извештај за напредокот во остварувањето на мерките и активностите предвидени во поглавјата 02-Слободно движење на луѓе и поглавје 19-Социјална политика и вработување, кој се однесува за периодот од 01.10.2006 година заклучно со 15.06.2007 година. Подготвениот Извештај е доставен до Секретаријатот за европски прашања, Влада на Република Македонија.